**20150521996**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13 и 177/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.3.2015 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2015 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2015 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/15 и 42/15) во членот 2 став (2) во табелата по подмерката 1.14. се додава нова подмерка 1.15. која гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 1.15. | Директни плаќања за производство на млади растенија од цвеќе во ин витро услови - | -Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства запишани во Регистар на снабдувачи на саден материјал кои имаат произведено и продадено младо растение од родот Орхидеи вид Phalaenopsis во ин витро услови во период од 1 јануари до 15 мај 2015 година;<br>-Висината на директните плаќања изнесува 70,00 денари по продадено младо растение кое е произведено во ин витро услови со микроразмножување и користење на хранливи агарски подлоги кои имаат желатинска структура во санитарно-исправни услови<br>-Максимален број на млади растенија е 88.000 по корисник. |

Член 2

Во членот 4 по точката 3 се додава нова точка 4 која гласи:

„4. За подмерката 1.15 од член 2 став (2) од оваа Уредба крајниот рок за поднесување на барања е 20 мај 2015 година."

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-3307/1
24 март 2015 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.